РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-384/4
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 8 - мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-384/1 од 24.01.2024 година против службеното лице -----, член на Управен одбор на ------ и член на Управен одбор на ---------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот не може да се поведе прекршочна постапка, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-384/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија отвара предмети по сопствена иницијатива.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец ------ од страна на лицето ---- со бр. 09-826/1 од 07.02.2023 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Управен одбор на ------- во исто време ја врши и функцијата член на Управен одбор на -----------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот ----- од страна на лицето -------, ДКСК се обрати до наведеното лице со -------- на информација бр. 09-384/2 од 06.02.2024 година, во врска со тоа дали лицето сеуште ги извршува наведените функции и доколку ги извршува/има престанок, за да се достават актите за избор/именување или разрешување од извршување на споменатите функции.

Доставен е одговор од страна на лицето -------- на ден 20.02.2024 година со кој лицето известува дека сеуште ги врши двете функции, член на Управен одбор на ------ именувана со ------- бр. 14-11957/1 од 27.12.2022 година од страна на ------- и член на Управен одбор на ------------ именувана со ----- бр. 08-1789/81 од 15.03.2022 година од страна на Советот на -------, за што како доказ се доставени наведените решенија.

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека од страна на службеното лице ------- е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето -----------, покрај тоа што ја врши функцијата член на Управен одбор на ------, во исто време ја врши и функцијата член на -------, но поради тоа што се поминати две години од денот кога е сторен прекршокот ДКСК не може да поведе прекршочна постапка, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси поради утврдена повреда на одредби од овој закон од страна на наведеното лице, ДКСК ќе ја извести -------------Македонијаи и Советот на -------, како надлежени органи за именувања на лицето --------- за вршење на функциите член на Управниот одбор на ------------ и член на Управниот одбор на --------.

Согласно член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежниот орган е должен по известувањето на ДКСК за утврдената повреда на одредби од овој закон, писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањето.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М.– соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.Д. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk